# З А П И С Н И К
**од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 2.11.2018 година**

**Скопје, ноември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 2.11.2018 година**

Седницата започна во 9:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука и Асим Муса, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.
Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Текст на Нацртот на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV И XXXVI на Уставот на Република Македонија

2. Прашања и предлози

3. Информација за потребата од донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид, заради склучување Анекс бр.3 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид

4. Предлог на закон за спречување на корупција и судир на интереси

5. Кратка информација за членовите на Владата на Република Македонија за приложениот предлог Меморандум за реализација на заеднички интегрирана интервенција во пограничниот регион помеѓу Република Грција и Република Македонија

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Текстот на Нацрт-амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, го утврди Текстот на Нацрт -амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и заклучи да го достави до Собранието согласно член 197 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Бојан Маричиќ и Дане Талески од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид, заради склучување на Анекс бр.3 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид, со текст на Анекс бр.3 кон Договорот и Предлог-закон (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево-Охрид, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Суза Симоновска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.
2. Го разгледа и прифати текстот на Анексот бр.3 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, заедно со прилозите кои се составен дел на Анекс бр.3.

3. Се овластуваат Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр.3 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited со број 08 - 9012/1 од 12.11.2013 година по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево Охрид и објавување на истиот во „Службен весник на Република Македонија“.

4. Се укажува на ЈП за државни патишта, веднаш по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид од страна на Собранието на Република Македонија, да достави барање за согласност за задолжување со државна гаранција до Министерството за финансии за дополнителни средства во вид на заем за завршување на работите за изградба на автопатот Кичево-Охрид.

5. Се овластуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и Зоран Китанов, директор на ЈП за државни патишта, веднаш по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид од страна на Собранието на Република Македонија, да доставаат допис до Експорт Импорт банка од Кина со барање на дополнителни средства во вид на заем обезбеден со државна гаранција (90% од вредноста на Анекс бр. 3 кон Договорот за изградба) за завршување на работите за изградба на автопатот Кичево-Охрид.

## Точка 4

Владата го разгледа Предлог-законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство и согласно забелешките изнесени во расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Мимоза Киковска, државна советничка во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи пречистениот текст на Предлог-законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се прати на мислење на Европската комисија.

## Точка 5

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Предлог-меморандумот за реализација на заеднички интегрирана интервенција во пограничниот регион, помеѓу Република Грција и Република Македонија за наредната редовна седница на Владата

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**